РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ
"Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"
ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 03-58/1
28-01- 2010 год.
БИТОЛА



Бр. 07-46/4-2
22.01.2010
Битола

Врз основа на член 52 став 1 алинеа 16 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат, на 77-та седница одржана на ден 22.01.2010 година, едногласно ја донесе следната

## ОДЛУКА

1. Се усвојува Реферaтот на Рецензионата комисија објавен во Билтенот Бр.332 на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола за избор на наставник од областите ***Животна средина, Менаџмент на квалитет и Применети информациско-комуникациски технологии*** на Техничкиот факултет - Битола и во наставно-научното звање ***редовен професор*** се избира ***д-р Александар Маркоски.***
2. Со овој избор во редовен професор *д-р Александар Маркоски* заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.
3. Правата и обврските од работниот однос *проф. д-р Александар Маркоски* ги остварува во согласност со Законот за високото образование, Законот за работните односи, друг закон, колективен договор и други акти на Универзитетот и Факултетот, за што соодветен договор ќе склучи со Техничкиот факултет - Битола.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.06.2010 година.

### Образложение

Техничкиот факултет - Битола распиша Конкурс за избор на наставник од областите *Животна средина, Менаџмент на квалитет и Применети информациско-комуникациски технологии*, кој го објави во весникот „Вест" на ден 11.11.2009 година.

На Конкурсот се пријави само кандидатот вонр. проф. д-р Александар Маркоски.

Наставно-научниот совет на Техничкиот факултет - Битола, на својата седница одржана на ден 24.11.2009 година, со Одлука бр. 02-800/4 формира Рецензиона комисија за избор на наставник од областите *Животна средина, Менаџмент на квалитет и Применети информациско-комуникациски технологии,* во состав: академик Глигор Каневче, редовен професор д-р Томе Јолевски и редовен професор д-р Игор Неделковски.

Рецензионата комисија изготви Реферат за избор на наставник од областите *Животна средина, Менаџмент на квалитет и Применети информациско-комуникациски*

*технологии*, кој беше објавен во Билтенот Бр. 332 на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

Во својот заклучок и предлог, Рецензионата комисија му предложи на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола да го избере проф. д-р Александар Маркоски за наставник од областите *Животна средина, Менаџмент на квалитет и Применети информациско-комуникациски технологии*, во наставно-научното звање редовен професор.

Врз основа на членот 52 алинеа 16, а во согласност со членот 125 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат, на 77-та седница одржана на ден 22.01.2010 година, го усвои Рефератот на Рецензионата комисија и го избра *проф. д-р Александар Маркоски* во наставно-научното звање *редовен професор* на Техничкиот факултет - Битола од областите *Животна средина, Менаџмент на квалитет и Применети информациско-комуникациски технологии*, а одлучи и по другите точки содржани во изреката на Одлуката.

Во согласност со членот 134 од Законот за високото образование, проф. д-р Александар Маркоски со овој избор во редовен професор заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.06.2010 година, бидејќи д-р Александар Маркоски бил избран во звањето вонреден професор на 31.05.2005 година, за време од пет години, па само по истекот на петте години може да се примени одлуката за избор во повисоко наставно-научно звање.

Подготвил и одобрил:
м-р Офелија Христовска

**Проф. д-р Златко ЖОГЛЕВ,**
**Ректор**

Доставено до:
- Архивата на Универзитетот
- Секретарот на Факултетот
- Професорот